**ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ**

Меѓународен суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година

Предмет бр.: ИТ-04-82- А

Датум: 16. април 2009

Оригинал: англиски

**ПРЕД ПРЕД-ЖАЛБЕНИОТ СУДИЈА**

**Пред:** **Судија Мехмед Гунеј, Пред-жалбен судија**

**в.д. Секретар:** **г. Џон Хокинг**

**Датум на поднесување:** **16. април 2009**

**ОБВИНИТЕЛОТ**

**против**

**Љубе БОШКОСКИ**
**Јохан ТАРЧУЛОВСКИ**

***ЈАВНО***

**РЕШЕНИЕ ПО ИТНОТО БАРАЊЕ НА ТАРЧУЛОВСКИ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОКОТ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА НЕГОВАТА РЕПЛИКА НА ПОДНЕСОКОТ НА РЕСПОНДЕНТОТ**

**Канцеларија на Обвинителот:**

г. Пол Роџерс

**Бранители на Љубе Бошкоски:**

г-ѓа Едина Решидовиќ
г. Гуенел Метро

**Бранители на Јохан Тарчуловски:**

г. Алан М. Дершовиц
г. Натан З. Дершовиц
г. Антонио Апостолски
г. Јордан Апостолски

**ЈАС, МЕХМЕД ГУНЕЈ,** судија во Жалбениот совет на Меѓународниот суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 (понатаму во текстот Меѓународен суд) и Преджалбен судија во овој предмет;[1]

**ИМАЈЌИ ЈА ПРЕДВИД** Пресудата во овој предмет донесена од Судскиот совет II на 10. јули 2008 во која што Судскиот совет го осуди Јохан Тарчуловски (понатаму во текстот Тарчуловски) за убиство, безобзирно уништување и сурово постапување;[2]

**ИМАЈЌИ ЈА ПРЕДВИД** „Најавата за жалба на Тарчуловски“, поднесена на 8. август 2008 (понатаму во текстот Најава за жалба) и „Поднесокот на Јохан Тарчуловски“, поднесен доверливо на 12. јануари 2009 (понатаму во текстот Жалбен поднесок);[3]

**ИМАЈЌИ ГО ПРЕДВИД** „Решението по барањето на Јохан Тарчуловски за одобрување аргументите во жалбената постапка да се изведуваат во редослед различен од оној наведен во Најавата за жалба, да се измени Најавата за жалба, да се поднесе Против-реплика, и на Барањето на Обвинителството за отфрлање“, поднесено од Жалбениот совет на 26. март 2009 (понатаму во текстот Решение од 26. март 2009), во кое му се наложува на Тарчуловски да поднесе изменета Најава за жалба во согласност со Процедуралното упатство за Службени услови за Жалби на Пресуда[4] не подоцна од седум дена по датумот на поднесување на решението на 26. март 2003;

**ИМАЈЌИ ЈА ПРЕДВИД** „Изменетата најава за жалба на Тарчуловски“, поднесена на 2. април 2009;

**ИМАЈЌИ ГО ПРЕДВИД** „Одговорот на Обвинителството на Жалбениот поднесок на Јохан Тарчуловски“, поднесен доверливо на 9. април 2009 (понатаму во текстот Одговор на Жалба);[5]

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека во согласнот со Правило 113 од Правилникот за постапка и докази (понатаму во текстот Правилник) на Меѓународниот суд, Тарчуловски може да поднесе реплика на поднесокот на респондентот во овој предмет до 24. април 2009;

---

[1] Решение за назначување на Пред-жалбен судија, 17. ноември 2008.
[2] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски*, Предмет бр. ИТ-04-82-Т, Пресуда, 10. јули 2008, став 607.
[3] Потпишан на 9. јануари 2009. Јавна редактирана верзија на Жалбениот поднесок беше поднесена на 12. јануари 2009.
[4] ИТ/201, 7. март 2009.
[5] Јавна редактирана верзија на Одговорот на Жалба беше поднесена на 16. април 2009.

**РЕШАВАЈЌИ ПО** „Итното барање на Тарчуловски за продолжување на рокот за поднесување на неговата Реплика на поднесокот на респондентот за две недели", поднесно на 14. април 2009 (понатаму во текстот Барање);[6]

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека во Барањето, Тарчуловски бара продолжување на рокот за поднесување на својата реплика на поднесокот на респондентот за две недели на основите дека:

1) Тарчуловски го прими Одговорот на Жалбата на Обвинителството на 9. април 2009 „непосредно пред еврејската Пасха и христијанските велигденски празници" за кои и двајцата негови правни застапници и нивниот персонал имаа долготрајни планови за одмор поради семејни средби;[7]

2) И двата негови правни застапници веќе имаа закажани деловни патувања непосредно пред и на 24. април 2009 поради несигурноста кога ќе се поднесе решение по неговото барање од 12. јануари 2009[8] [9];

3) Земајќи ја предвид сложеноста и значењето на прашањата покренати во оваа жалба, и длабоките спорови околу фундаментални фактички прашања и правни толкувања, би било исклучително тешко да се спроведе целосен преглед на Одговорот на жалбата на Обвинителството од 69 страни и да се подготви целосна, кохезивна Реплика на поднесокот на респондентот до 24. април 2009;[10] и

4) Обвинителството всушност имаше приближно три месеци да го поднесе својот Одговор на жалба;[11]

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека Обвинителството го извести Жалбениот совет дека нема да заземе каков било став по барањето на Тарчуловски и нема да поднесе одговор на него;

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека во согласност со Правило 127(А)(i) и (Б) од Правилникот, Жалбениот совет или Пред-жалбениот судија можат, доколку преку барање се покаже добра причина, да ги продолжат временските ограничувања пропишани во Правилникот;

---

[6] Потпишано на 13. април 2009.
[7] Барање, став 12.
[8] Барање на Јохан Тарчуловски за одобрување аргументите во жалбената постапка да се изведуваат во редослед различен од оној наведен во Најавата за жалба, во согласност со Процедурално упатство 4 и да се измени Најавата за жалба во согласност со Процедурално упатство 2, 12. јануари 2009 (потпишано на 9. јануари 2009).
[9] Барање, став 13, исто така е наведено дека г. Натан З. Дершовиц „од работни причини треба да биде во Москва, Русија," од 20. до 24. април 2009, и дека г. Алан М. Дершовиц „има закажано патување во Европа да говори во неколку градови."
[10] Барање, став 4.
[11] Барање, став 15.

**ЗЕМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека роковите на Меѓународниот суд се суштински за уредно и ефикасно напредување на предметите;[12]

**ЗЕМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека роковите во Правилникот треба да се почитуваат без оглед на останатите деловни ангажмани на правниот застапник и одмори за време на кои се одржуваат семејни средби;[13]

**ЗЕМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека ниту сложеноста и значајноста на прашањата покренати во поднесоците ниту должината на Одговорот на жалба сами по себе не претставуваат добра причина за продолжување на рокот за Тарчуловски да ја поднесе својата реплика на поднесокот на респондентот;[14]

**ЗЕМАЈЌИ ПРЕДВИД** понатаму дека поради барањето на Тарчуловски да ја измени својата Најава за жалба дојде до продолжување на датумот на поднесување на Одговорот на жалба на Обвинителството, и поради тоа времето кое што Обвинителството го имаше за подготвување на својот Одговор на жалба неможе да претставува оправдување за одложување на одредениот датум на неговата реплика на поднесокот на Респондентот;[15]

**ДОАЃАЈЌИ ДО ЗАКЛУЧОК** дека Тарчуловски не покажал добра причина за продолжување на рокот за поднесување на неговата реплика на поднесокот на Респондентот;

**ПОРАДИ ГОРЕИЗНЕСЕНИТЕ ПРИЧИНИ,**

**ГО ОТФРЛУВАМ** ова Барање.

Составено на англиски и на француски, при што англиската верзија е меродавна.

(своерачен потпис на оригиналот)

[12] *Обвинителот против Момир Николиќ*, Предмет бр. ИТ-02-60/1-А, Решение по Барањето на Одбраната за продолжување на рокот за поднесување на ревидирана реплика, 2. септември 2005 („Решение од *Николиќ*, 2. септември 2005“), стр. 3.

[13] *Обвинителот против Момир Николиќ*, Предмет бр. ИТ-02-60/1-А, Решение по Второто барање на Одбраната за продолжување на рокот за поднесување на реплики, 1. април 2005, стр. 4.

[14] *Види пр., Обвинителот против Јадранко Прлиќ et al.*, Предмет бр. ИТ-04-70-АР73.14, Решение по Барањето на Обвинителството за продолжување на рокот. 23. јануари 2009, стр. 3; Решение од *Николиќ* на 2. септември 2005, стр. 3. Ова е уште повеќе така, бидејќи Одговорот на жалба на Обвинителството е во согласност со став В(1)(б) од Процедуралното упатство за Должина на поднесоците и барањата (ИТ/184. Ревизија 2, 16. септември 2005) во кое што е наведено ограничувањето на бројот на зборови на поднесокот на респондентот.

[15] *Види* Барање на Јохан Тарчуловски за одобрување аргументите во жалбената постапка да се изведуваат во редослед различен од оној наведен во Најавата за жалба, во согласност со Процедурално упатство 4 и да се измени Најавата за жалба во согласност со Процедурално упатство 2, 12. јануари 2009 (потпишано на 9. јануари 2009). Итно барање за продолжување на рокот, 13. февруари 2009; Решение по Итното барање на Обвинителството за продолжување на време, 19. февруари 2009 (потпишано на 18. февруари 2009).

Судија Мемет Гунеј

Пред-жалбен судија

На ден, 16. април 2009

Во Хаг
Холандија

**[Печат на Меѓународниот суд]**